Ceresit

# CS 23

## Силикон за стакло и аквариуми

**100% силиконски полимер, еднокомпонентно силиконско средство за заптивање на база на оцетна киселина. Претставува комбинација на одлична отпорност на стареење, собирање, пукање и губење боја. Не содржи разредувач.**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Одлична адхезија на различни материјали
- Специфичен мирис при стврднување
- Отпорен на озон, UV зраци и екстремни температури
- Силна цврстина

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

- Застаклување на алуминиумски оквири
- Градежни и конструктивни спoеви
- Заптивање на прозорци и врати
- Застаклување
- Заптивање аквариуми
- Добра адхезија на различни непорозни подлоги стакло, глазирани керамички плочки, алуминиум, метал)

### РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

Чувајте на ладно и суво место. Неотворен кертриџ има рок на траење 18 месеци.

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Температурата на материјалот во кертриџ при нанесување треба да биде најмалку +20°C. За пополнување на споеви се препорачува температура помеѓу +5°C и +40°C. На температура под +5°C пополнувањето е можно само ако ивиците на споевите се чисти и суви - без кондензација, снег или лед. Изразено масни површини потребно е да се исчистат со ацетон или Ceresit Средство за чистење TS 100. Бел шпиритус може да се користи за чистење на метални површини. Ако споевите се претходно полнети со средство за заптивање кое може да го намали лепењето, потребно е да се отстранат остатоците и да се исчисти површината.
ПРАЈМЕР: не е потребен прајмер кај непорозно површини.




Исечете го врвот на кертриџот и зацврстете го дозерот на кертриџот. Врвот исечете го косо под агол од 45 степени на ширина која одговара на ширината на спојот. Кертриџот поставете го во пиштол за силикон. Цврсто истиснете го силиконот на спојот. Внимавајте на адхезијата на ивицата. Измазнете го силиконот со шпатула или со прст. Површината на силиконот нема да се залепи после 15 минути. Не се препорачува боење на Ceresit CS 23 бидејќи бојата лошо влијае на еластичноста. Алатот и дамките исчистете ги со шпатула пред целосно сушење на силиконот.
ШИРИНА НА СПОЕВИ:
минимална ширина 6мм / максимална ширина 30мм / минимална длабочина 2мм.
ЧИСТЕЊЕ: со бел шпиритус веднаш после употреба.

## ВНИМАНИЕ

**CERESIT CS 23 не смее да се користи:**

- кај порозни површини како што се бетон, камен или мермер
- на битуменски површини, површини на база на природна гума, хлоропен или EPDM или на градежен материјал кој може да испушти масло, пластификатор или разредувач. Да не се користи во целосно затворени простори бидејќи средството за заптивање има потреба од атмосферска влага при сушењето.
- поради испуштање на оцетна киселина при сушењето, може да дојде до корозија на сребро или осетлив метал како што се бакар, бронза или олово. Не се препорачува за спoеви каде постои силно физичко трошење или абразија.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Испуштањето на оцетна киселина која се ослободува при процесот на стабилизација може да предизвика иритација на респираторниот систем ако се вдиши поголема количина или се работи подолг временски период. Затоа се препорачува работа во простории со добра вентилација или носење на заштитна маска. Ако дојде до контакт со очи или слузокожа, измијте со многу вода за да спречите иритација. Стврднатата силиконска гума може да се обработува без никаков ризик по здравјето.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

НЕ СТВРДНАТ ПРОИЗВОД

| | |
|---|---|
| Состав | на база на оцетна киселина |
| Густина (ISO1183) | 1,02 - 1,05 g/cm³ |
| Работна температура | +5°C ... +40°C |
| Брзина на истискување | 200 g/мин. |
| Формирање на сув слој (23°C, 50% релативна влажност на воздухот) | макс. 25 мин. |
| Брзина на вулканизација (23°C, 50% релативна влажност на воздухот) | 3 mm/24h |

ЦВРСТ ПРОИЗВОД

| | |
|---|---|
| Отпорност на температура | -40°C ... +200°C |
| Цврстина (Shore A, ISO 868) | 22 |
| Модул при 100% издолжување | 0,45 Mpa |
| Пукање при издолжување | 170% |
| Цврстина на затегнување | 0,59 MPa |

## ПОТРОШУВАЧКА

Број на линеарни метри по кертриџ од 300мл

| Дебелина на слој на средство за заптивање(mm) | Ширина на спој (mm) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 | 4 | 6 | 8 | 10 | 12 | 15 | 20 |
| 4 | 25 | 18 | 13 | 10 | 7 | 6 | 5 | 3,5 |
| 5 | 20 | 15 | 10 | 7 | 6 | 5 | 4 | 3 |
| 6 | 17 | 13 | 8 | 6 | 5 | 4 | 3,25 | 2,25 |
| 8 | 13 | 10 | 6 | 3 | 4 | 3 | 2,4 | 1,75 |
| 10 | 10 | 8 | 5 | 4 | 3 | 2 | 2 | 1,5 |

## ПАКУВАЊЕ

Пластичен кертриџ од 280мл.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.



Henkel
Henkel CEE
www.ceresit.mk